Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Во извештајниот период што се однесува на месец декември 2020 година беа мониторирани 50 закажани рочишта за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, од кои 39 беа одржани, а 11 беа одложени.**

## К-817/11 – „Маџар Телеком“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 вв став 4 и став 1.

На рочиштето од **24.12.2020 година** претседателот на судечкиот совет констатираше дека се доставени поднесоци од страна на одбраната. Првиот, со барање за вршење на исправка и дополнување на записникот од одржан главен претрес на 20.11.2020 во делот каде што се наведени материјалните докази предложени од страна на одбраната, по што судот изврши и соодветни исправки и дополнувања. Друг поднесок, со кој одбраната врши појаснувања на наводите и причините за изведување на дел од предложените материјални докази. Јавниот обвинител побара одлагање на претресот со образложение дека има неодложни службени обврски, кои ги немал во предвид во моментот на закажување на терминот за овој главен претрес, поради што ова рочиште се одложи.

## К-1493/17 – „Тотал“

Предметот се води за кривично дело „Даночно затајување“ од член член 279 став 2 вв став 1 вв член 45 од КЗ.

Рочиштето од **14.12.2020 година**беше одложено поради тоа што бранителката на обвинетиот во ист период била ангажирана и во друг предмет. Иако истата замоли да и биде дозволено да излезе и повторно да се врати на судењето, судот не дозволи и укажа дека таквото отсуство на бранителот претставува суштествена повреда на постапката.

## К-1959/17 – „Тортура“

Предметот се води за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

На рочиштето од **16.12.2020 година**беше испитан еден сведок предложен од страна на обвинителството. Сведокот наведе дека останува на се она што претходно го има кажано на рочиштето од 05.07.2019 година.Со согласност на странките, исказот беше прочитан во присуство на сведокот, кој истиот го потврди и наведе дека нема што да додаде. Со согласност на двете странки во постапката, беа читани искази на 3 сведоци дадени на претходните рочишта за главна расправа, бидејќи до судот има известување од страна на МВР дека истите не се достапни поради иселување од државата. На рочиштето од **21.12.2020 година** се прочита исказ на сведокот даден пред СЈО, бидејќи е добиено известување дека истиот е недостапен.

## К-1413/19 – „Талир 2“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4 в.в. став 3 в.вставˌ1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ.

На рочиштето од **01.12.2020 година** се изведуваа вербални докази предложени од обвинителството, односно беа сослушани две лица во својство на сведок. Сведоците беа директно испитани од страна на јавниот обвинител, а потоа одбраната директно ги испита спротивставените сведоци. За останатите лица кои беа повикани јавниот обвинител извести дека го оправдале денешното отуство и дека истите ќе бидат присутни на следната расправа.

На рочиштето од **21.12.2020 година** беа испитани тројца сведоци на предлог на обвинителството. Сведоците беа директно испитани од страна на јавниот обвинител, а потоа и се даде прилика на одбраната вкрстено да го испраша спротиставениот сведок. По испитувањето на секој сведок, претседателот на советот ја прашуваше одбраната дали останува на својот предлог да се испитаат сведоците како докази на одбраната, со оглед дека истите се наоѓаат и на нивната листа на докази, Иако одбраната ги повлекуваше своите предлози за секој сведок поединечно, наведувајќи дека се исцрпени прашањата при директното испитување од страна на застапникот на обвинението, за кое повлекување доби и согласност од страна на застапникот на обвинението, за ваквото отстапување односно прашување дали ќе пристапат во директно испитување на сведоците, не беше донесено формално решение.

## К-1925/20 – „Тревник“

Предметот се води за кривично дело „Бесправно градење“ член 244-а ст. 1 од КЗ.

Рочиштето од **10.12.2020 година** се одложи бидејќи еден од обвинетите е позитивен на КОВИД-19.

## К-2616/20 – „Моќник“

Предметот се води за следните кривично дела: „Измама“ од член 247 став 4 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со став 1 во врска со член 23 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ.

Рочиштето од **23.12.2020 година** се одложи поради отсуство на тројца обвинети и еден бранител. Едниот обвинет беше дојден во судот, меѓутоа поради тоа што немаше документ за лична идентификација судот не можеше да го идентификува и не го пушти да влезе во судницата. За вториот обвинет нема уредна достава на покана, а за третата обвинета се чека извод од матична книга на умрени бидејќи е почината. Бранителот кој што беше отсутен со поднесок се има обратено до судот дека има решение за изолација поради КОВИД-19.

## КОК-47/17 – „Таргет/Тврдина“

<u>Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ; „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од КЗ; „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 в.в. став 1 од КЗ.</u>

На рочиштето од **04.12.2020 година** беше исклучена јавноста, а согласно член 355 ст.2 од ЗКП беше дозволен претставник на Коалицијата да присуствува како стручна јавност.

На рочиштето од **09.12.2020 година** беше испитано вешто лице кое изготвило вешт наод и мислење од технички аспект. Вештото лице беше испитано директно од страна на обвинителство, а потоа вкрстено од страна на одбраната. По дадената можност вкрстено да биде испитан вештакот, застапниците на обвинението ја искористија можноста за дополнително испитување. Откако се заврши со дополнителното испитување, еден од обвинетите кој побара од претседателот на советот да бидат поставени уште 2 кратки прашања, бидејќи од дадените одговори при дополнително испитување останале мали нејасностии. Претседателот на советот наведе дека во Законот за кривична постапка не е предвидена можноста по дополнителното испитување од страна на одбраната да бидат поставени прашања, но сепак беше дозволено да се поставаат 2 кратки прашања, со цел како би се разјасниле претходно дадените одговори. Откако беше испитан вештакот кој го изготвил вештиот наод и мислење од технички аспект, беше повикан и вториот вештак кој го изработувал вештачењето од економскиот аспект, но пред да се започне со неговото испитување, одбраната побара збор и наведе дека вештото лице во моментот на изработувањето на вештиот наод и мислење немал валидна лиценца и со тоа не се исполнуваат условите тоа лице да се јави во својството на вешто лице. Застапникот на обвинението побара од судот да издаде наредба за вештачење со која се задолжи вештото лице да изработи вешт наод и мислење на истите околности, на кое нешто одбраната реагираше дека Законот за кривична постапка децидно наведува кога судот може да донесе таква наредба. По ова, Претседателот на советот донесе решение со кое дополнително ќе се произнесе за приговорите односно предлозите на странките во постапката.

На рочиштето од **04.11.2020 година** беше исклучена јавноста, а согласно член 355 ст.2 од ЗКП беше дозволен претставник на Коалицијата да присуствува како стручна јавност.

На рочиштето од **04.15.2020 година** беше исклучена јавноста, а согласно член 355 ст.2 од ЗКП беше дозволен претставник на Коалицијата да присуствува како стручна јавност.

На рочиштето од **04.17.2020 година** беше исклучена јавноста, а согласно член 355 ст.2 од ЗКП беше дозволен претставник на Коалицијата да присуствува како стручна јавност.

На рочиштето од **22.12.2020 година** беше испитан преставник на оштетено лице – Агенција за Национална Безбедност (АНБ) на предлог на обвинителството и еден вештак односно технички советник предложен од страна на одбраната. Изведувањето на доказите не беше според законскиот редослед, односно не беше исцрпена комплетно листата на докази на обвинителството. Остана уште еден материјален доказ кој треба да се изведе, но застапниците на обвинението наведоа дека во овој момент нема услови овој доказ да биде изведен од причина што ниту судот, ниту обвинителство, не располагаат со технички можности. Тие предложија да се продолжи со доказите на одбраната, наведувајќи дека го задржуваат правото овој доказ дополнително да го презентираат.

На рочиштето од **25.12.2020 година**беа испитани двајца технички советници од областа на информатичките технологии и беше изведен материјален доказ - вешт наод и мислење предложен од

страна на одбраната. Двајцата технички советници беа директно испитани од страна на одбраната и вкрстено од страна на јавниот обвинител.

## КОК-52/17 – „Траекторија“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 од КЗ.

На рочиштето од **28.12.2020 година** беа сослушани двајца сведоци кои беа директно испитани од страна на јавниот обвинител,како и вкрстено испитани од страна на одбраната.

## КОК-53/17 – „ТНТ“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.

Рочиштето од **04.12.2020 година** се одложи поради отсуство на еден од обвинетите кој во исто време бил на рочиште по предметот под кодно име „Организатори на 27 април“.

На рочиштето од **07.12.2020 година** беше испитан еден сведок директно од страна на јавниот обвинител и вкрстено од страна на одбраната.

На рочиштето од **15.12.2020 година** беше испитан еден сведок (кој претходно беше обвинет во предметот) директно од страна на одбраната и вкрстено од страна на обвинителството. На почетокот прашања поставуваше еден од бранителите, на кого прашањата му беа насочени кон поврзаноста на сведокот со лице обвинето во предметите „Меѓународен сојуз“ и „Рекет“, како и комуникацијата меѓу нив во периодот кога било повлечено обвинението против сведокот. Ваквите прашања судот не ги дозволуваше, но бранителот одново ги поставуваше, поради што судот донесе решение со кое го казни бранителот со парична казна во износ од 1000 евра поради непочитување на судот.

## КОК-60/17 – „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

Рочиштето од **01.12.2020 година**се одложи поради отсуство на двајца обвинети поради здравствени причини. Бранителот на еден од обвинетите до судот доставил поднесок со кој го известува судот дека обвинетиот имал контакт со заразено лице од КОВИД-19 поради што му се одредува изолација во времетраење од 14 дена, додека за другиот обвинет беше констатирано дека сѐ уште е на боледување,

а за своето боледување има доставено уредна документација во судот. Дополнително, беше констатирано дека двајцата од повиканите сведоци за денешната расправа не се присутни, но за нив нема доказ дека е извршена уредна достава.

Рочиштето од **14.12.2020 година** се одложи поради отсуство на вештакот кој неколку часови пред почетокот на рочиштето го известил судот дека е позитивен на КОВИД-19.

На рочиштето од **16.12.2020 година** се испитуваше сведок на предлог на одбраната, лице кое било претходно вработено во МВР и бил директен учесник во постапката за јавна набавка која е предмет на обвинението. Сведокот беше директно испитано од страна на бранителот и еден од обвинетите, како и вкрстено испитано од страна на јавниот обвинител.

На рочиштето од **21.12.2020 година**се испитуваше вешто лице од финансиско-материјалната област предложено од страна на одбраната. Вештото лице беше директно испитано од страна на одбраната. По завршување на директното испитување судечкиот совет му даде можност на обвинителот да започне со вкртсено испитување но истото беше прекинато поради исцрпување на работното време и ќе продолжи на наредното рочиште. Одбраната се пожали дека поради набиениот распоред на рочишта по овој предмет не може квалитетно да ја подготви одбраната и предложи во иднина рочиштата не се закажуваат ден за ден.

На рочиштето од **30.12.2020 година**во продолжение на претходното рочиште се вршеше вкрстено испитување на вештото лице од областа на финансиско материјалното работење.Потоа директно беше испитан сведок од страна на одбраната и вкрстено од страна на јавниот обвинител.судот на крајот од рочиштето донесе решение за расправата да продолжи за 05.01.2021 година, датум кој не бил претходно договорен со странките во постапката, на што бурно реагираа адвокатите на обвинетите со констатации дека на овој начин се врши кршење на деловникот на судот и дека ваквиот начин на водењето на судската постапка ќе биде соодветно обжален пред меѓународен трибунал.

## КОК-64/17 – „Тендери“

<u>Предметот се води за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в со став 1 в.в. со член 22 од КЗ</u>.

На рочиштето од **04.12.2020 година** беа повикани 6 сведоци предложени од страна на одбраната, но од нив испитани беа 3 сведоци, додека пак за остантите тројца судот донесе решение да не бидат прифатени како вербални докази бидејќи не се релевантни за кривично-правниот настан. Исказите на првите два сведока што ги имале дадено претходно, по дадена согласност на странките беа префрлени во записник согласно чл.371 став 2. Третиот сведок беше испитан директно од страна на одбрана и вкрстено од јавниот обвинител.

На рочиштето од **17.12.2020 година**беа повикани двајца сведоци на предлог на одбраната. Јавниот обвинител побара да се наведат околностите на кои се повикуваат бранителите за сослушување на овие сведоци. По даденото образложение судечкиот совет даде пауза за да реши дали овие сведоци се релевантни за предметот и по дадената пауза донесе решение со кое се одбива сослушувањето на сведоците согласно член 385 став 3 од ЗКП.

Рочиштето од **30.12.2020 година** се одложи бидејќи еден од бранителите со писмен поднесок доставен до судот го повлекол предлогот за сослушување на дел сведоци со што се сложи и јавниот обвинител и со тоа се исцрпи листата на докази на одбраната.

## КОК-66/17 – „Монструм“

Предметот се води за кривичното дело „Тероризам“ од член 394-б став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На рочиштето од **11.12.2020 година** бранителот на еден од обвинетите беше отсутен, па судот му предложи на адвокатот Насер Рауфи, кој нема спротивставена одбрана со другите бранители да го замени отсутниот колега, со цел да не се одолговлекува постапката, со оглед на тоа што доколку не се преземе некое дејствие постапката би почнала одново поради проток на 60 дена. Бранителот одби да го замени колегата, по што судијата извести дека ќе назначи бранител по службена должност на обвинетиот чиј бранител не е присутен. Адвокатот Насер Рауфи се побуни дека не е во ред на тој начин да се назначи бранител по службена должност на обвинет кој веќе има бранител, кој го застапува повеќе од 8 години и кој поради здравствени причини не може да присуствува. Истиот истакна дека судијата прво треба да го праша обвинетиот дали прифаќа бранител по службена должност, на што судијата одговори дека нема потреба да ги прашува обвинетите кога назначува бранител по службена должност. Во тој момент адвокатот Насер Рауфи стана и ги повика и другите бранители да ја напуштат судницата. Судијата го опомена адвокатот дека доколку ја напушти судницата, повеќе нема да дозволи да се врати како бранител во постапката, но сепак адвокатот Насер Рауфи со другите адвокати ја напуштија судницата. Потоа судот даде пауза која траеше околу еден час и откако повторно продолжи рочиштето судијата констатираше дека се донесени решенија со кои се казнуваат со парична казна бранителите кои ја напуштија судницата без дозвола од страна на судот, а воедно судијата истакна дека за ова ќе биде известена и Адвокатската комора. Понатаму, судот донесе решение со кое назначи бранители по службена должност на обвинетите чии бранители ја напуштија судницата, како и на обвинетиот чиј бранител не беше присутен поради тоа што е позитивен на КОВИД-19. Во тој момент станаа сите обвинети и се побунија дека не ги прифаќаат бранителите по службена должност. Судијата го констатираше тоа на записник, но сепак продолжи со изведување на доказ – допис од МВР за извршени вештачења. Судијата само го прочита дописот, кој бил испратен до судот од страна на МВР – сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика, а во кој е наведено дека се извршени вештачења на 31 телефон. Судијата констатираше дека овој доказ повторно ќе биде прочитан и на наредното рочиште. Инаку, за истиот ден беше повикан сведок, кој беше присутен, но поради ситуацијата која настана со назначувањето на бранителите по службена должност, судот му рече да си оди и го извести дека повторно ќе биде повикан.

На рочиштето од **24.12.2020 година** беше испитан сведок директно од страна на одбраната. Судот и даде прилика на спротивната страна вкрстено да го испита сведокот, но приликата не беше искористена. На рочиштето биеше предвидено да се испитаат два сведоци, меѓутоа еден од сведоци го известил судот дека нема да може да присуствува на денешното рочиште поради здравствени причини. Еден од бранителите е отсутен, иако до судот е стигнат поднесок со кој што бранителот бара одлагање на друг предмет на сметка на денешното рочиште по предметот КОК-66/17 (односно бранителот бил уредно поканет и знаел дека рочиштето по предметот Монструм ќе се одржи, но не го известил судот за причините за неговото отсуство). Судот назначи бранител по службена должност за обвинетиот, по што

еден од присутните бранители искоментира дека обвинетиот сам треба да си избере адвокат, а не да му биде поставен по службена должност.

На рочиштето од **28.12.2020 година** беа испитани двајца сведоци на предлог на одбраната и еден сведок на судот за кого јавноста беше исклучена заради чување службена тајна, а согласно член 355 ст.2 од ЗКП беше дозволен претставник на Коалицијата да присуствува како стручна јавност.Еден од бранителите истакна дека не се исполнети условите за одржување на ова рочиште со оглед дека истиот не бил присутен на претходните рочишта, а судот не ги доставил записниците од одржаните претреси, па бранителот неможел соодветно да се подготви за денешното судење, како и тоа дека немала уредна достава за одржување на ова рочиште. Судот го прекина и го опомена, по што и парично го казни поради ширење невистинити информации во јавноста дека наводно не знаел и не бил известен за денешното закажано рочиште, со образложение дека бранителот со поднесок до судот побарал одлагање на судење по друг судски предмет, за да присуствува на овој судски предмет.

## КОК-7/18 – „Титаник“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од член 165-а став 1 в.в. член 45 од КЗ; „Повреда на избирачкото право“ од член 159 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 45 од КЗ; „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од член 160 став 2 в.в. со член 23 и член 45 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 и член 23 од КЗ; „Фалсификување исправа“ од член 378 став 2 в.в. член 45 од КЗ; „Поткуп при избори и гласање“ од член 162 став 1 и в.в. со член 45 од КЗ; „Уништување на изборен материјал“ од член 164 став 2 од КЗ.

Рочиштето на **07.12.2020** година беше одложено без претходно известување. Од страна на судската полиција беше соопштено дека рочиштето се одлага за 16.12.2020.

На рочиштето од **16.12.2020 година** се изведуваа вербални докази на предлог на обвинителството, односно беа сослушани 7 сведоци. Сведоците беа директно испитани од страна на јавниот обвинител и вкрстено испитани од одбраната.Еден од бранителите при вкрстено испитување употреби дел од исказот на сведокот даден во истражната постапка заради побивање на изнесените наводи на сведокот на ова испитување воедно и заради оцена веродостојноста на исказите дадени на оваа расправа.

На рочиштето од **21.12.2020 година** беа испитани 4 сведоци директно од страна на јавниот обвинител и вкрстено од страна на одбраната.Истите сведоци беа предложени и од страна на одбраната меѓутоа предлозите за нивно сослушување беа повлечени. Откако еден сведок даде исказ, судијата наведе, а воедно и се обрати на обвинетата дека неговиот исказ нема да биде земен предвид со оглед на тоа дека е претходен осуденик и дека наводно се знаат тие работи како стојат. Воедно после дополнителното испитување на сведокот од страна на ЈО, судот повторно и даде право на одбраната да поставува вкрстени прашања на одговорите што произлегуваат од дополнителното испитување.

## КОК-3/19 – „Талир“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в.став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ одчлен

273 став 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член353 став 4 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 24 в.в. член 45 од КЗ и „Перење пари и други приноси одказниво дело“ од член 273 став 12 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ.

На рочиштето од **09.12.2020 година** беше директно испитан сведок од страна на јавниот обвинител, но бидејќи во судницата беше закажано рочиште по друг предмет, немаше доволно време да се испита врстено сведокот од страна на одбраната.

Рочиштето од **23.12.2020 година** продолжи со вкрстено испитување на сведокот предложен од страна на обвинителството. Воедно, директно и вкрстено беа сослушани уште двајца сведоци на предлог на обвинителството.

## КОК-7/20–„Титаник 2“ (вратен на повторно судење)

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член353 став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 23 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ одчлен 353 ст. 5 в.в. со став 1 в.в.член со 22 од КЗ и „Примање наградаза противзаконито влијание“одчлен359 став 5 в.в. со став 4 од КЗ.

На рочиштето од **22.12.2020 година** поради проток на 90 дена, расправата започна одново. На записник се констатираше дека јавниот обвинител останува при воведните зборови дадени од претходно, и бранителите и обвинетите истакнаа дека остануваат на претходно дадените воведни зборови, единствено еден од обвинетите побара да го дополни претходно дадениот воведенговор. Истиот започна да објаснува и да приговара, по што судот го прекина и му објасни дека ова се само воведни зборови и тука не можат да се навлегува во докажување, кое ќе може да го стори во другите фази од постапката. Откако беа внесени воведните говори, судијата побара од странките да се изјаснат како ќе се презентираат материјалните докази на јавниот обвинител, односно дали има согласност истите да се пренесат на записник или одново да се читаат и презентираат. Одбраната истакна дека не се согласува материјалните докази само да се пренесат на записник, туку побара истите повторно да се изведат.

## КОК-2/20 – „Организатори на 27ми април“

Предметот се води за кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ од член 313 од КЗ.

На рочиштето на **04.12.2020 година** се изведуваа материјални докази на предлог на второобвинетиот, поточно се вршеше репродукција на видео записи.

На рочиштето од **22.12.2020 година** се испитуваа четири сведоци и вешто лице – технички советник. Тие беа директно испитани од страна на бранителот и вкрстено испитани од јавниот обвинител. Дополнително беше изведен и материјален доказ односно писмен наод и мислење од техничкиот советник.

На рочиштето од **25.12.2020 година** се испитаа 11 сведоци директно од страна на одбраната и вкрстено од страна на обвинителството. На рочиштето биле повикани 14 сведоци, меѓутоа двајца од сведоците

во текот на рочиштето биле повикани во Собрание бидејќи се пратеници, а еден од сведоците е обвинет во друг предмет чие рочиште се одржувало во исто време.

## КОК-49/20 – „Меѓународен сојуз“

Предметот се води за кривичните дела „Измама“ од член 247 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 од КЗ и „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 од КЗ.

На рочиштето од **02.12.2020 година** беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството. Материјалните докази беа изведени преку читање на насловот на доказот и презентирање на неговата содржината од страна на обвинителството, како и со визуелна презентација на доказите со компјутерска опрема. На оваа расправа судијата донесе решение со кое отстрани од судницата двајца обвинети поради нарушување на редот на судењето, а по претходна опомена. По нивното повторно внесување во судницата, претседателот на судот ги извести кои материјални докази се изведуваа во нивно отсуство.

На рочиштето од **10.12.2020 година** се изведоа материјални докази за второобвинетата на предлог на обвинителството. Материјалните докази беа изведени преку читање на насловот на доказот и презентирање на неговата содржината од страна на обвинителството, како и со визуелна презентација на доказите со компјутерска опрема.

На рочиштето од **25.12.2020 година** беше испитан еден сведок – вработена во МВР во одделот за дигитална форензика, како лице кое учествувало во изготвувањето на извештај од форензичкото исчитување на мобилните уреди на обвинетите одземени при претрес. Сведокот беше директно испитан од страна на јавниот обвинител и вкрстено испитан од одбраната.

## КОК-64/20–„Колибри“

Предметот се води за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотичнидроги, психотропни супстанци и прекурсори“ одчлен 215 став 3 во врска со став 1 одКЗ.

На рочиштето од **01.12.2020 година** беа изведени материјални докази на предлог на јавното обвинителство. Материјалните докази беа изведени преку читање на насловот на доказот од страна на јавното обвинителство. Претседателот на судечкиот совет ги праша странките дали се запознаени со содржината на доказите, на што тие одговорија дека двапати вршеле увид во списите и доказите, но не им се доставени како што налага ЗКП. Бранителот на еден од обвинетите побара обвинителството да даде објаснување за поврзаноста на секој доказ со дејствијата кои им се ставаат на товар на обвинетите со обвинителниот акт. Обвинителството на тоа одговори дека анализата ќе ја даде во завршниот збор, а Судот оцени дека ваквиот начин на изведување на доказите е во согласност со ЗКП.

Рочиштето од **18.12.2020** година беше одложено поради здравствени пречки од страна на обвинетата.Судот воопшто не одржа заседание, информацијата беше добиена од судските служби без податоци за тоа кога ќе продолжи.

## К-2799/20- „Друмарина“

Предметот се води за кривично дело „Измама во службата“ од член 355 ст.3 в.в. со ст.1 и в.в. со чл. 45 ст. 3 од КЗ.

Рочиштето на **24.12.2020 година** се одложи поради наводно неодложни обврски на јавниот обвинител.

## Коментар:

Во однос на извештајниот период, може да констатираме поткревање на бројот на одржани рочишта и намалување на бројот на одлагања на рочиштата.

Притоа, и покрај наведениот факт, сеуште се забележани определни проблеми во поглед на насрочувањето на рочиштата, во насока на дуплирање на термините на рочиштата, првенствено кај бранителите, а нешто поретко и кај обвинителите.

За жал, може да констатираме дека оваа практика на дуплирање на рочиштата на кои се присутни бранителите, во определени рочишта резултирала и со определени проблеми во водењето на главната расправа на тековните предмети, што довело и до изрекување на парични санкции за бранителите, како и до поставување на бранители по службена должност од страна на судот. Сметаме дека треба да се поработи на отстранување на оваа практика на преклопување на рошиштата на бранителите, на тој начин што оваа појава сериозно влијае врз ефикасноста на кривичните постапки, а неретко и се користи и како аргумент за одолговлекување на постапката. Се разбира, за отстранување на оваа практика потребно е зголемено внимание при насрочувањето на предметите како од страна на бранителите, така и од страна на судот, кој што би требало да вложи дополнително внимание за усогласување на термините на рочиштата со веќе од претходно насрочените други рочишта на кои присуствуваат истите бранители. Притоа, напомнуваме дека треба да се зголеми степенот на меѓусебно почитување на процесните странки и на судот, со цел да се намалат или минимализираат ситуациите во кои во судниците се создава навивачка атмосфера или тензија помеѓу процесните субјекти, па судот е принуден да изрекува и парични санкции за дисциплинирање на странките. Сметаме дека конфликтите во календарите на процесните странки може да се надминат со дигитализација и вмрежување на календарите на адвокатите, јавните обвинители и судот.

Конечно, сметаме дека судот и покрај фактот на вложувањето на зголемено внимание за одржување на ефикасноста на кривичната постапка, нужно треба предвид да ги има и потребите на бранителите од дополнително време за подготовка на одбраната, без притоа да се наруши редовниот тек на кривичната постапка.

За поздравување е фактот дека забележаните недостатоци во претходните извештајни периоди, кои што се однесуваа на учеството на судот во текот на распитот на сведоците, овој пат не беа детектирани. Имено, задоволува фактот дека судот во текот на мониторираните рочишта доследно ги применувал одредбите од ЗКП кои што се однесуваат на отстранување на практиката судот по завршувањето на распитот на сведоците од страна на странките, самиот самоиницијативно да го дораспрашува сведокот во насока на отстранување на определени недоречености на исказот на сведокот. За поздравување е и практиката на судот да дозволува доразјаснување на определни делови од исказите на сведоците да бидат апострофирани преку дополнителни директни и вкрстени прашања од страна на самите странките, а не ваквите прашања самостојно да ги поставува судот.

Интересна е практиката на примена на одредбите од ЗКП кои што се однесуваат на изведувањето на материјалните докази. Во таа насока, сметаме дека е потребно воедначување на практиката кога овие докази би се изведувале покрај преку технички средства, така и да бидат придружени со кратко образложение во однос на нивната доказна вредност, а не само истите докази да бидат презентирани без каква и да било дополнителна експликација. Односно, да се отстрани практиката значењето на материјалните докази да биде апострофирано само во текот на завршните зборови, туку истите би требало да бидат поврзани и со останатите докази во насока на поткрепа на теоријата на случајот на странките кои што го предложиле изведувањето на овие докази.

Сметаме дека е нужно да се острани практиката кога еден ист сведок што е предложен и од двете странки да биде испитуван истовремено од двете странки. Ова во насока, на целосно почитување на теоријата на случајот на обвинението и на одбраната, со што сметаме дека е целисходно сведоците што се

повикани да сведочат на различни околности од двете странки во кривичната постапка, да бидат повикувани да дадат исказ пред судот во моментот кога е тоа соодветно во однос на теоријата на случајот на странката што ги предложила, а не и нивно истовремено испитување од страна на двете странки последователно едни по други во однос на различни околности.

За поздравување е практиката на доследно почитување на начелото на јавност на главната расправа, со што при отстранувањето на јавноста, согласно одредбите од ЗКП, судот дозволува непречено присуство на стручната јавност.

Конечно, повторно е актуализирана проблематизираната одредба од ЗКП за започнувањето на главната расправа од почеток поради истек на 60 дена помеѓу двете рочишта, што овој пат, од набљудуваните рочишта може да се констатира дека во конкретните случаи генерира проблеми во насока на одолговлекување на постапката, како и проблеми поврзани со правото на ефикасна одбрана. Па така, наместо оваа одредба од ЗКП да придонесе кон зголемување на степенот на фер судење доведува до разгорување на страстите помеѓу странките, а со тоа и до намалувањето на перцепцијата за фер постапувањето од страна на судот.